Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

- СЕКТОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА -

**Архивски број:** 10- 481/1
**Датум:**

15-01-2026

**До:** Градоначалници на општини
**Предмет:** Известување – Последен повик за доставување на апликација за 2026 година

Почитувани,

Во врска со објавениот Јавен повик на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади на кој може да аплицираат сите заинтересирани општини кои имаат потреба за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита за корисници на социјална заштита преку поднесување на Апликации и Проекти, Ве известуваме дека последен повик за доставување на Апликации и Проекти е до 18.01.2026 година.

Проектите потребно е да се во согласност со Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/21, 236/22, 65/23 и 192/25), и согласно подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за социјална заштита.

Со цел надминување на проблемите кои произлегуваат од проектите кои не се изработени во целост по стандардите и нормативите за вршење на дејноста, Ве известуваме дека потребно е:

1. Општините пред да ангажираат фирма за изработка на основен проект, да достават до МСПДМ допис со известување за намера за изготвување на проект со прилог документација за локацијата, со што би се потврдила имотната состојба (парцелата треба да е во сопственост или дадена на трајно користење на општината која аплицира) и соодветната урбанистичка намена на земјиштето – В2 (здравство и социјална заштита).
2. По добивање на потврда за соодветноста на локацијата од стручните лица од Министерството, општините можат да ангажираат фирма за изготвување на проект која треба да биде отворена за соработка и сугестии од стручните лица од МСПДМ.
3. Пред да се почне со постапката за изработка на идејно решение треба да бидат испочитувани одредбите од подзаконските акти.
4. Во почетна фаза на изработка на проектот, потребно е општината да побара средба со претставници на МСПДМ за презентација на идејното решение на проектот и


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

истото да се одобри дека идејното решение е во согласност со подзаконските акти кои се однесуваат на социјалната услуга.

5. Доколку има потреба од консултации за време на изработка на основниот проект, општината може да побара состанок, а дополнително пред предавањето и архивската заверка на основниот проект, потребно е истиот да се одобри од страна на стручните лица од МСПДМ дека ги исполнува сите пропишани стандарди и нормативи.

Сите проекти, без разлика на изворот на финансирање на истите, потребно е **задолжително** да се во согласност со Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/21, 236/22, 65/23 и 192/25) , и согласно подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за социјална заштита.

Проектите, заедно со Апликацијата, да се испратат по пошта до: Министерство за социјална политика, демографија и млади, ул. Даме Груев бр. 14, Скопје со назнака: „Јавен повик за финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита за корисници на социјална заштита."јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2026 година", најдоцна до 18.01.2026 година.

Со почит,

Министер
Fatmir Limani

Изработил:
Контролирал: м-р Слободанка.Лазова-Здравковска
Одобрил: Дрита Аслани
Одобрил: Љубица Ганова
Согласен: Fatmir Sabriu , Државен секретар